unionnet

Друштво за вршење помошни активности во финансиско посредување УНИЈА ФИНАНСИСКА СКОПЈЕ ДОО
Бр. 03/139
24.03.2021 год.
СКОПЈЕ

WESTERN UNION WU

**До**
**Единствен Национален Електронски Регистар**
**на прописи на Република Северна Македонија**

**Од**
**Друштво за вршење на помошни активности во финансиското посредување**
**Унија Финансиска Скопје ДОО Скопје**
**бул.Гоце Делчев бр.Лам А, кат 5, ДТЦ Мавровка**
**Скопје**

**ПРЕДМЕТ: Коментари и забелешки за Предлог на Закон за платежни услуги и платни системи**

Почитувани,

Во врска со Предлог Законот за платежни услуги и платни системи (во понатамошниот текст: ,,Закон за ПУПС``), во предвидениот рок, ги испраќаме нашите коментари и забелешки, како подолу:

Најпрвин, би сакале да нагласиме дека со донесувањето на овој Предлог Закон за ПУПС треба да се разгледаат и земат во предвид сите можни аспекти за измена на досегашната регулатива во поглед на брзиот трансфер на пари (по ново – парични дознаки), кои промени би довеле до позитивно влијание на глобално, односно национално ниво од повеќе аспекти, а особено на еден од оние најзначајните, како што е подобрувањето на националната економија. Нашиот предлог е зголемување на лимитот предвиден во член 48, точка 4 од Предлог Законот за ПУПС, односно за највисокиот дневен износ на извршени еднократни прекугранични платежни трансакции врз основа на парични дознаки иницирани во странство за примач во Република Северна Македонија, наместо дефинираното од 5.000 евра, предлагаме износ од 10.000 евра. Предложенава промена е согласно законодавствата во европските држави и пошироко, каде исплатите се далеку повисоки. Европската пракса е докажана со позитивни влијанија во економиите. Аналогно на истото, овој предлог е еден од најзначајните на кои треба да се работи за истиот да биде прифатен, имајќи во предвид дека со зголемувањето на исплатите и кај нас, загарантирани се зголемувањата на приливите во Република Северна Македонија, оставајќи простор за подобрување на националната економија и пренасочување на црните трансфери во легални трансфери.

Следната забелешка се однесува на член 171 од Предлог Законот за ПУПС со кој се предвидува Давателите на услуга брз трансфер на пари, односно платежните институции во кои влегуваат и досегашните Даватели на услуги брз трансфер на пари, да доставуваат месечни извештаи за поединечните платежни трансакции во рок од пет работни дена од истекот на извештајниот период, вклучувајќи податоци и за трансакциите извршени и преку агентите. Предложено е во овие извештаи задолжително да биде содржан и основот за секоја поединечна трансакција. Нашата забелешка е на

задолжителноста на евидентирање на основот, од причина што сметаме дека оваа промена би била непродуктивна. Имено, оваа промена имплицира можност за тоа дека приливот на пари добиен по основ на парични дознаки - брз трансфер на пари, дополнително може да биде и предмет на оданочување. Првенствените негативни ефекти од вака предложената промена се видливи кај клиентите, кај кои се појави општа паника, стравување од оданочување на процесирани трансфери, а истото од искуството на најзагрозените, со укинувањето на нивната социјална помош, како и ретроактивна наплата на данок на клиенти кои биле корисници на услугата. Дополнително, доколку евидентирањето на основот имплицира понатамошно поврзување со други институции, со цел за оданучување на паричните дознаки, оваа промена би довела до двојно оданочување, од причина што паричните средства - приливите веќе се оданочени во државите од кои се испраќаат. Исто така, нагласуваме дека доколку крајната цел на евидентирањето на основот е оданочување на паричните дознаки, со самото тоа предлагате оданочување на најзагрозена категорија, која би било потребно да издвојува од износи за покривање на своите животни месечни трошоци, а кои истите ги добиле како фамилијарна помош. Дополнително, нагласуваме дека оваа предложена промена не само што негативно ќе влијае на одразот на приливот на девизи во РСМ, туку истите ќе имаат и директен негативен ефект во опстојувањето на малите бизниси. Оваа промена во целост ќе го уништи брзиот трансфер на пари во РСМ, и најважно и најбитно е што оваа промена ќе резултира со преминување на легалните трансфери во нелегални, односно црни канали, што ќе има негативни влијанија во повеќе насоки, како во поглед на малите бизниси, така и на национално ниво, стимулирајќи се неконтролирано перење на пари. Доколку законодавецот е крајно одлучен во оваа насока, се со крајна цел да Управата за јавни приходи располага со комплетна евиденција за сите приливи на средства, кои претставуваат приходи, а истото имајќи ги предвид последните измени на Законот за персонален данок на доход, предлагаме Давателите на услуги брз трансфер на пари, односно платежните институции кои ќе вршат парични дознаки – брз трансфер на пари, со донесувањето на подзаконските акти да биде прецизирано да водат единствено евиденции, кои ќе се однесуваат исклучиво на трансфери чии основи ќе претставуваат приход и само тие да се доставуваат на одредено, на пример квартално ниво до НБРСМ.

Дополнителен предлог, кој треба да се земе во предвид е заложбата да се подобри бизнис климата за домашните мали и средни претпријатија, во случајот Агентите на платежните институции, односно досегашните Субагенти на Давателите на услуги брз трансфер на пари.

Предложеното, во контекст на тоа дека согласно досегашната/постоечката законска регулатива за брзиот трансфер на пари (член 18 од Законот за вршење на услуги брз трансфер на пари (Службен весник на РМ бр.77/2003, 54/2007, 48/2010, 67/2010, 17/2010, 17/2011, 135/2011, 187/2013, 154/2015 и 23/2016), не се нуди простор за ефикасни банкарски инструменти за порамнување помеѓу давателот на услуга брз трансфер на пари (платежната институција) и субагентите (Агентите) по основ на извршени трансакции парични дознаки - брз трансфер на пари, поради фактот што на субагентите не им е дозволено да отвараат посебни девизни сметки кај домашни банки за таа намена. Со постоечката регулатива, освен што се отежнува процесот на порамнување, воедно и се оневозможува на субагентите да ги чуваат средствата во домашни банки, принудувајќи ги истите да ги чуваат парите во сефови во просториите

каде ја вршат услугата брз трансфер на пари, што во практиката се покажува дека носи ризик за нивното нормално работење, поради кражби. Знаејќи дека иако предложената законска рамка во Предлог Законот за ПУПС не го забранува / не го регулира предметново прашање, односно истиот упатува на Законот за девизно работење, предлагаме како и во случајот со давателите на услуга брз трансфер на пари, со донесувањето на Законот за ПУПС и подзаконските акти на истиот и на Законот за девизно работење, отварањето на посебни сметки за вршење на услугата парични дознаки - брз трансфер на пари да им биде овозможено и на субагентите (по ново Агентите), бидејќи во тој случај и контролата и надзорот на работењето ќе им биде олеснет на надлежните институции, а поготово бидејќи истото им е овозможено и на менувачниците.

Наша последна забелешка, односно предлог за промена во Предлог Законот за ПУПС се однесува на членот 221 од Преодните и завршни одредби на Законот, со кој се утврдува дека правните лица кои до денот на примената на Законот за ПУПС давале платежни услуги од членот 8 од истиот, освен банките со дозвола за основање и работење од гувернерот, се должни во рок од 12 месеци од денот на примената на законот, до Народната банка да поднесат барање за добивање на дозвола за платежна институција или за институција за електронски пари. Предлагаме зголемување на овој временски период од 12 на 36 месеци, барем во делот на паричните дознаки - брз трансфер на пари. Истото, од причина што согласно член 230 од предложениот Закон за ПУПС, со денот на почнување на примената на истиот, важечкиот Закон за вршење на услуги брз трансфер на пари престанува да важи во целост. Согласно истото, сегашните Даватели на услуги брз трансфер на пари и нивните субагенти ќе подлежат на макотрпна постапка на повторно лиценцирање. Предложенава промена е согласно законодавствата во другите европски држави.

Со искрена надеж дека нашите коментари и забелешки ќе бидат земени во предвид во законската процедура на донесување на Предлог Законот за ПУПС, однапред Ви благодариме.

Со почит,

*Скопје,*
*22.03.2021 година*

*Управител, Аљбан Ника*

Унија финансиска Скопје ДОО Скопје